ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 03-49/1
24.02.26 год.
БИТОЛА

ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА

„ЈП ПАЗАРИ“ БИТОЛА

ЗА 2025 ГОДИНА

ЈП ПАЗАРИ
Битола

ЈП ПАЗАРИ
Битола

С О Д Р Ж И Н А

1. Основни карактеристики

2. Дејности на работењето од кои се остваруваат приходи.

3.Динамика на структурата на остварениот приход за 2025 година со споредбени податоци за 2024 год.

4.Остварен приход по места на наплата за 2025 година со споредбени податоци за 2024година

5.Динамика на остварениот приход по месеци за 2025 со споредбени податоци за 2024 година


6. Динамика на трошоците за 2025 со споредбени податоци за 2024 година

7.Динамика на остварен резултат во 2025 година со споредбени податоци за 2024 година

8. Обврски кон добавувачите и други.

9.Побарувања од купувачи

10. Завршни одредби



1.ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Јавното претпријатие „Пазари“ - Битола обавува дејност која е услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Битола, и има својство на правно лице кое за превземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот имот – целосна одговорност.

Јавното Претпријатие „Пазари”- Битола е основано заради организирање и стопанисување со пазарите на големо и мало на подрачјето на Општината Битола и издавање на деловен простор под закуп.

Јавното претпријатие е основано со решение на Министерството за финансии на НРМ од 09.06.1952 година, а со Статутот на претпријатието од 12.08.1998 год. се конституира како Јавно претпријатие „Пазари“ – Битола.

За Јавното претпријатие „Пазари“ - Битола во 2025 година, големо влијание имаа економските и стопанските услови на работење, кои што директно влијаеја во остварувањето на планираните задачи, зададени со Планот за работа за 2025 година, што предизвикаа состојба во која приходите од редовното работење останаа на исто ниво со остварените приходи од редовното работење во 2024 година од една страна и постојано зголемување на расходите од работењето од друга страна.

За причините подетално ќе се задржиме понатаму во извешајот кога детално ќе ги образложиме состојбите кои доведоа до постигниување на овој финансиски резултат.

ЈП „Пазари”- Битола и покрај специфичните услови на работење во 2025 година, континуирано се стремеше да одржи рамнотежа на приходите и расходите во претпријатието и да останеме ликвидни.

Работењето на ЈП “Пазари“ -Битола е од голема важност за функционирањето на Општина Битола, бидејќи организира дејност која му овозможува на граѓаните да продаваат и купуваат производи за широка потрошувачка како би ги задоволиле сопствените потреби.

Јавното претпријатие ”Пазари” – Битола, има свои органи на управување и тоа:

- Управен одбор
- Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиско работење
- Директор

Секој од овие органи на управување имаат свои права и обврски регулирани со Статутот на претпријатието

2.ДЕЈНОСТИ НА РАБОТЕЊЕТО ОД КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ

ЈП “Пазари“- Битола, своите приходи ги остварува по следните основи:

а) Издавање на тезги;
б) Издавање на деловен простор;
в) Организирање на продажба на стока (добиток) во Сточен пазар;

а) Приходите од издавање на тезги се остваруваат на следните три начини:

- Закупнина и надзакупнина на тезги на Маас пазар и Градски реонски пазар,
- Наплата на пазаришна такса на Маас пазар и Градски реонски пазар,
- Паушален износ во кој се вклучени закупнината и пазаришната такса на Маас пазар и Градски реонски пазар.

б) Приходите од издавањето на деловниот простор се следни:

- Приходи од издавање на деловен простор на Маас пазар,
- Приходи од издавање на деловен простор во Сточен пазар,
- Приходи од издавање на деловен простор на Зелено пазарче.


в) Приходите од Сточниот пазар се од наплата на пазаришна такса од влез на стока (крупен и ситен добиток) и вагање на истата.

Целокупните работни задачи ЈП "Пазари"- Битола во 2025 ги остварува со 33 редовно вработени, од кои 5 вработени со Високо образование, 20 со Средно стручно образование и 8 со Основно образование и 5 лица ангажирани преку Агенција за вработување.

3.ДИНАМИКА НА СТРУКТУРА НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ЗА 2025 СО СПОРЕДБЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА 2024 ГОДИНА

ТАБЕЛА 1

Р.б	Е Л Е М Е Н Т И	остварено 2024год	остварено 2025год	инд. 25/24	проц. на уч.
1.	Приходи од продажба на услуги на домашен пазар	13572143	12400436	91	40,74
2.	Приходи од наемнина	7308686	7437705	102	24,43
3.	Приходи од донации и помошти	7810950	10393096	133	34,14
4.	Останати приходи	180468	208544	116	0,69
	ВКУПНО	28872247	30439781	105	100,00



Вкупен приход за 2025 година со споредбени показатели за 2024 г.

Основната дејност Ј.П"Пазари"- Битола, ја обавува од наплата на приходите од продажба на услуги на домашен пазар и наплата на наемнини. Движењето на приходите од основната дејност во табела бр.1 се евидентирани под реден број 1 и 2.

Од табела бр. 1 се гледа дека вкупните остварени приходи за 2025 година по сите основи во однос на остварените приходи во 2024 година се зголемени за 5 %. Ако се анализираат само приходите од основната дејност на Ј.П.„Пазари"- Битола (табела бр.1 ставки под ред.бр.1 и 2) ќе се види дека приходите од продажба на стоки и услуги на домашен пазар во 2025 година бележат намалување за 9 % во однос на истите приходи во 2024 година , а приходите од наемнини остварени во 2025 година бележат зголемување од 2% во однос на истите приходи од 2024 година.

Приходите од продажба на услуги на домашен пазар (табела бр.1ставка бр.1) во во 2025 година во споредба со истите приходи во 2024 година бележат пад од 9% во споредба со истите приходи од претходната година. Како главна причина за намалувањето на приходите од продажба на услуги на домашен пазар е помалата количина на производи кои се нудат на Градскиот пазар од што директно зависат и нашите приходи. Исто така и зачестената појава на нелојална конкуренција(се мисли на т.н.„диви продавачи на земјоделски производи кои продаваат надвор од рамките на пазарот на целата територија на Општина Битола) доведува до отежната наплата на приходите кои ги остварува нашето претпријатие што автоматски предизвикува нивно намалување.Како последица на ваквата состојба имаме околу триесетина помалку склучени договори за закуп на тезги во 2025 година споредбено со 2024 година. Овде треба да се потенцира дека не само што нашето претпријатие трпи штети туку и самиот град бидејќи продажбата на земјоделски производи на улици и на тротоарите создава метеж, го отежнува сообраќајот како и создава смет кој преставува многу лоша еколошка слика за градот. Мораме да се обрне внимание на тоа да инспекциските служби на Општината мора поенергично да си ја вршат својата работа во рамките на своите надлежности и да не дозволуваат продажба на земјоделски производи надвор од местата кои по законските прописи се одредени места каде се врши продажба. Со внесувањето на т.н.„диви продавачи" во рамките на пазарот не само што ке се спречи нелегалната конкуренција туку ке се создадат и услови за почиста и по зелена Битола.

Како една од причините за намалените приходи исто така се и цените за нашите услуги кои не се променети повеке од 25 години и не соодејствуваат со реалните цени на производите.Овде треба да напомениме дека промената на ценовникот на ЈП„Пазари"-Битола мора да оди пралелно со спречувањето на нелојалната конкуренција односно забрана за продажба на производи на недозволени и со закон забранети места за продажба.Во спротивно, само со зголемувањето на цените на нашите услуги може да предизвика уште поголема нелојална конкуренција односно со други зборови пазарот на земјоделски производи да се префрли на улиците што би била погубна варијанта за нашето претпријатие.

Кај приходите по основ на приходи од наемнини (ставка 2 од Табела бр.1) бележиме зголемување на приходите од 2% што главно се должи на навременото наплќање на закупнините за деловните објекти со кои располага Јавното претпријатие како и правилната деловната политика која се спроведува во претпријатието.

Приходите под реден бр.3 се приходи од премии, субвенции и донации (изразени во пари и добра) во износ од 10.393.096,- и тоа:

- донација од Општина Битола во износ од 9.000.000,- според програмата за субвенционирање на јавни комунални претпријатија за покривање на тековни и оперативни трошоци;

- урбана опрема (настрешници и тезги) дадени на трајно користење без надомест со Одлука бр.09-03103 од 10.01.2022 година во вредност од 13.419.892,- од кои 1.341.064,- денари се однесуваат за 2025 година.Инаку ова е четврта година кога овие средства се прикажуваат како приход (донации) од една страна и како расход преку амортизацијата како трошок од друга страна. Ваквото раснижување ќе се врши заклучно со 2031 година;

- донација од СН-Осигурителен брокер од 13.767,- за набавка на дигитална вага за потребите на Сточниот пазар по договор;

- донација од Мегасофт во износ од 30.000,- искористени при набавката на софтвер за потребите на ЈП„Пазари"-Битола по договор;

-донација од ЈКП„Комуналец"-Битола во износ од 8.268,- денари во вид на канти за собирање на смет за потребите на ЈП„Пазари"-Битола .

Приходите под реден број 4 се менливи категории и не зависат во целост од редовното работење. Тука влегуваат приходите од наплатени отпишани побарувања,приходи по судски одлуки и други останати приходи.

4. ОСТВАРЕН ПРИХОД ПО МЕСТА НА НАПЛАТА

ТАБЕЛА БР. 2

Ред. Бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Остварено		остварено 25/24	проц. на учество
		2024год	2025год		
1.	Пазаришна такса	3111673	2662474	86	21
2.	Паушал	7703933	7181731	93	58
3.	Закупнина и надзакупнина на тезги	2408631	2244955	93	18
4.	Сточен Пазар	347906	311276	89	3
	ВКУПНО	13572143	12400436	91	100



Остварен приход по места на наплата

Табела број 2 е продолжение на Табела бр.1 во која имаме подетален приказ на приходите од продажба на производи и услуги на домашен пазар-(прикажани во табела бр. 1 ставка 1,) на ЈП„Пазари" по вид на наплата. Овие приходи ги сочинуваат: приходите од пазаришна такса - табела бр.2 - реден број 1, приходите од наплата на паушал - табела бр.2 - реден број 2, приходи од закупнина и надзакупнина табела бр.2 - реден број 3, приходи од сточен пазар-табела бр.2 - реден број 4. Во последните две колони од табела бр.2 можете да го видите односот на остварените приходи во 2024 и 2025 година како и процентуалното учество на секој од приходите по носители во 2025 година.

Од табела бр. 2 јасно се гледа дека во 2025 вкупните приходи од продажба на производи и услуги на домашен пазар бележат опаѓање од 9 %. Остварениот приход остварен по места на наплата покажува дека имаме намалување на приходите од пазаришната такса за 14%, приходите од резервацијата и надрезервацијата како и приходите од паушал бележат намалување за 7 % , а и приходите од Сточниот пазар бележат пад од 11%,.Како главна причина за трндот за намалување на приходите е се помалиот број на склучени договори за закуп на тезги кој постојано опаѓа од година во година главно поради масовната продажба на земјоделски производи надвор од местата кои се предвидени за таа намена, отворањето на поголеми пиљари во рамките на големите ланци на маркети и отворањето на повеќе засебни пиљарници на секаде низ градот .

Приходите од Сточниот пазар бележат пад од 11% што главно се должи на намалувањето на сточниот фонд како и субвенциите кои се даваат од страна на државата доколку стоката не се продава односно се чува во шталите. Исто така треба да напомениме дека Сточниот пазар беше затворен од Агенцијата за храна и Ветеринарство со Решение бр.10-2052/1 од 11.06.2025 до 01.11.2025 година поради појавата на болеста „чума кај мали преживари" кај животните.

5.ДИНАМИКА НА ПРИХОДИТЕ ПО МЕСЕЦИ

ТАБЕЛА БР.3

	ОСТВАРЕНО 2024					ОСТВАРЕНО 2025					инд.
М	Пауш.	Такса	Резерва	С.Паз.	Вкупно	Пауш.	Такса	Резерва	С.Паз.	Вкупно	25/24
1	548431	175373	162051	29790	915645	486365	160496	189034	21143	857038	94
2	592677	197126	127884	39567	957254	577106	173985	65102	43803	859996	90
3	597561	241848	172508	32935	1044852	548358	188332	180409	50231	967330	93
4	647007	317779	169661	37300	1171747	662178	218086	161322	47519	1089105	93
5	749304	269237	156797	37000	1212338	642970	247075	194831	43507	1128383	93
6	595210	230689	156017	33701	1015617	618738	196042	86781	31424	932985	92
7	830967	275197	155847	34866	1296877	597267	206372	220365	0	1024004	79
8	478516	303960	288729	27419	1098624	529136	262389	260866	0	1052391	96
9	587863	301695	235519	32219	1157296	598273	301185	237356	0	1136814	98
10	660393	300758	203879	31779	1196809	689502	282863	183030	0	1155395	97
11	671630	258296	310923	0	1240849	565574	222719	158273	16244	962810	78
12	744374	239715	268816	11330	1264235	666264	202930	307586	57405	1234185	98
Вк.	7703933	3111673	2408631	347906	13572143	7181731	2662474	2244955	311276	12400436	91

Во табела бр.3 приходите се прикажани по месеци и по вид на наплата.

6.ДИНАМИКА НА ТРОШОЦИТЕ

ТАБЕЛА БР.4

Ред бр.	конто	СТАВКИ НА ТРОШОЦИ	планирани трошоци 2025год	остварени трошоци 2024 год.	остварени трошоци 2025 год.	индекс оств. 25/24	проц. на учест. 2025
1	400	Пот.материјали (канцелариски и суровини)	450000	179560	102896	57	0,31
2	401	Потрошени средства за хигиена		29195	32455	111	0,10
3	403	Потрошена енергија(ел.енер, дрва,пелети)	1000000	997967	1110832	111	3,40
4	404	Потрошени резервни делови и автогуми		18200			
5	407	Отп.на ситен инвентар	20000	6779	41633	614	0,13
6	411	Трошоци за ПТТ услуги (телеф. и интер. усл.)	235000	227658	239771	105	0,73
7	413	Услуги за тековно одржување	100000	592067	139822	24	0,43
8	4136	Услуги за сервис и одржување на возила	20000	25382	36622	144	0,11
9	4150	Трошоци за вода	300000	273958	311760	114	0,95
10	4151	Трошоци за губре и канализација	650000	660201	724333	110	2,22
11	4158	Ветеринарни,санитарни и слични услуги	80000	83000	35000	42	0,11
12	419	Останати услуги (регис. и огласи,здрав,и др.усл)	50000	89236	44330	50	0,14
13	4199	Усл. за агенции за вработување	4500000	4128308	4481538	109	13,71
14	421	Вкалкулирани плати	21500000	20216925	20417042	101	62,45
15	422	Ост. трош.за враб.(отп.,јубил.наг.и пом.)	200000	167018	545305	326	1,67
16	423	Регрес за годишен одмор	500000	494457	810992	164	2,48
17	430	Амортизација	1050000	2354431	2298584	98	7,03
18	440	Трошоци за дневници, ноќевања и превоз)	10000	1894			
19	441	Трош. за струч усов. и остан.трош.на враб.	10000	4000	8000	200	0,02
20	442	Над. на др.трошоци.(трошоци за У.О.и Н.О)	550000	553327	509996	92	1,56
21	443	Трошоци за спонзорства	300000	244200	277542	114	0,85
22	444	Трош.за репрезентација	100000	31094	15604	50	0,05
23	445	Премии за осигурување	70000	64490	181566	282	0,56
24	446	Банкарски услуги	60000	72348	68221	94	0,21
25	447	Трошоци за данок на имот,членарини и такси	60000	63770	96711	152	0,30
26	44905	Адвокатски и нотарски услуги	100000	48660	56946	117	0,17
27	449	Ост. немат. трош.(вешт,проценки,книги,вес.)		36715	14492	39	0,04
28	455	Вредносно усогласување на карткор.побар.		38915			
29	469	Расходи од претх.год и останати расходи			26234		0,08
30	4740	Камати за нематеријални и мат. вложувања		8922	25655	288	0,08
31	4749	Камати врз останати услуги		22564	37596	167	0,12
		ВКУПНО	31915000	31735241	32691478	103	100

Во табела бр.4 се прикажани трошоците по конта за 2025 година со споредбени показатели од остварените трошоци од 2024 година и планираните трошоци за 2025 година.



Графички приказ на трошоците

Од табелата бр.4 се гледа дека расходите во 2025 година во претпријатието се зголемени во однос на расходите во 2024 година година за 3% . Како главна причина за зголемување на расходите е зголемувањето на платите на вработените што доведе до зголемување на трошоците за плати на вработените за 2.3% што е главна причина за зголемените расходи.

Треба да напомениме тука дека во износот на Амортизација е пресметан и делот од урбана опрема (настрешници и тезги) дадени на трајно користење без надомест со Одлука бр.09-03103 од 10.01.2022 година во вредност од 13.419.892,- од кои 1.341.064,- денари се однесуваат за 2025 година за кој напоменавме при објаснувањето на приходите од донации дека се раснижуваат еднаш како приходи од донации и еднаш како расход преку амортизацијата согласно позитивните сметководствени политики.

Во услови на сложено општествени услови на стопанисување се трудевме максимално да ги рационализираме трошоците за да можеме да обезбедиме што е можно подобар финансиски резултат.Зголемените трошоци главно се однесуваат за трошоци кон вработените и тоа за плати, за регрес за годишен одмор, како и трошоци за опремнина,помошти и сл. Во номинален износ вкупните трошоците се зголемени во однос на 2024 година за 956.237,- денари од кои за зголемени плати на вработени отпаѓаат 553.347,- денари,за зголемен регрес 316.835,- денари,а трошоците за опремнина и помошти кон вработени(опремнина на вработени при одење во пензија и помошти на вработени при смрт согласно закон и колективен договор) е зголемена за 378.287,- денари. Сите други трошоци се на оптимално ниво.

7. ДИМАМИКА НА ОСТВАРЕНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА 2025ГОД.

ТАБЕЛА БР.5

Р. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	О С Т В А Р Е Н О	
		2024год.	2025год.
1.	Вкупен приход	28.872.247,-	30.439.781,-
2.	Вкупно расходи	31.735.241.-	32.691.478.-
3.	Акумулирана добивка од претходни години	173.690,-	173.690,-
4.	Законска резерва	1.271.741,-	1.271.741,-
5.	Загуба од тековна година	2.862.994,-	2.251.697,-

Горната табела ја прикажува структурата и распределбата на деловниот резултат во 2025 со споредбени показатели за 2024 година. Од табела бр. 5 се гледа дека во 2025 година имаме остварено загуба од 2.251.697,- денари. Општа е оценката дека во Ј.П.„Пазари" трошоците (во најголем дел трошоците исплатени кон вработените) бележат пораст од една страна а од друга приходите се намалуваат од година во година што престставува главна причина за негативниот финансиски резултат. Потенцираме дека претпријатието работи со стар ценовник на своите услуги донесен пред повеке од дваесет и пет години и воопшто не претрпил никакви измени до денес. Ваквиот ценовник воопшто не соодветствува со реалноста во која работиме. Непроменетите цени на нашите услуги се една од причини поради која остварените приходите не може да го следи поголемиот раст на остварени трошоци. Нелојалната конкуренција зема се поголем замав и се проширува низ целата територија на Општината што предизвикува негативни последици по нашето работење со намален број на склучени договори за закуп на тезги.. Треба да напмениме дека за да почне состојбата да се стабилизира потребно е нов ценовник за нашите услуги но и стопирање на нелојалната конкуренција што ке значи продажба на земјоделски производи единствено само на пазарите, а не на секаде низ градот.

Во 2026 година се надаваме на стабилизација на состојбите, нормализација на стопанските и економските услови за работење со што ќе се створат услови за подобрување на финасиската состојба во Ј.П.„Пазари"- Битола.

8.ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ И ДРУГИ

ТАБЕЛА БР.6

Р. бр	Е Л Е М Е Н Т И	О Б В Р С К И	
		2024	2025
1.	Обврски кон добавувачите	2.251.444,-	3.455.790,-
2.	Обврски за ДДВ и персонален данок	1.098.142,-	1.345.279,-
3.	Обврски за даноци и придонеси од плати	550.587,-	524.868,-
4.	Обврски за надомест на Управен и Надзорен	193.000,-	381.500,-
5.	Обврски за плати	998.266,-	997.674,-
	Вкупно обврски	5.091.439,-	6.705.111,-

Од табелата бр.6 може да се забележи состојбите на обврските кон добувувачите во 2024 и 2025 година на 31.12.2025 година.

9.ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

ТАБЕЛА БР.7

Р. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	П О Б А Р У В А Њ А	
		2024	2025
1.	Побарувања од купувачи	285.777,-	435.275,-
2.	Сомнителни и спорни побарувања	1.619.855,-	1.419.385,-
	ВКУПНО:	1.905.632,-	1.854.660,-

Од табела бр.7 се гледа состојбата на побарувањата од купувачите на 31.12. во 2024 и 2025 година.

10.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

ЈП „Пазари"-Битола, во 2025 година оствари негативен финансиски резултат. Причините за негативниот финансиски резултата воглавно ги образложивме во овај Извештај за работењето за 2025 година.

Се надеваме дека во 2026 година состојбите ќе се подобрат во секој поглед и ќе се создадат нормални услови за работа, а со тоа и подобрување на финансискиот резултат на претпријатието.

ЈП„Пазари"-Битола, во иднина ќе се труди да воспостави рамнотежа на приходите и расходите од своето работење, да ги подобрува условите за продажба на пазарите како за корисниците на нашите услуги, така и за купувачите, и да остварува подобри финансиски резултати во своето работење што би довело до зголемување на приходите од работењето од една страна и рационализација на трошоците односно нивно намалување од друга страна. Целокупната оваа работа е незамислива без соодветна соработка со Општината, со инспекциските служби на Општината ,со Советот на Општина Битола. Сите овие фактори треба да дадат свој придонес во рамките на своите надлежности во подобрување на состојбите во ова претпријатие.

ЈП ПАЗАРИ
Битола

Битола
Февруари 2026 г.

ВД Директор

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПАЗАРИ 1 БИТОЛА

Врз основа на член 13 од Статутот на Ј.П. „Пазари“ – Битола, Управниот Одбор на својата 5 – та редовна седница одржана на ден 25.02.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот Извештај од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 год. (01.01.2025 год. до 31.12.2025 год.)

1. СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Годишниот Извештај од финансиското работење за периодот од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 год. на Ј.П. „Пазари“ - Битола

2. Извештајот од работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола е составен дел на оваа Одлука

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4.По еден примерок од Одлуката да се достави до архивата, сметководството и до Совет на Општина Битола.

02-43/3
Битола,
25.02.2026 год.

Претседател на Управен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ - Битола

Ирена Сталевска

До:
Управен Одбор на
Ј.П. „Пазари„ – Битола

М И С Л Е Њ Е

Од Надзорен Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

На одржаната 4-та редовна седница на ден 25.02.2026 година по разгледувањето на Годишниот извештај за работењето на Ј.П. „Пазари - Битола за 2025 година (01.01.2025 год – 31.12.2025 год), Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење даде **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 година (01.01.2025 год – 31.12.2025 год).

02-42/3
Битола,
25.02.2026 год

Претседател на Надзорен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ – Битола

Александар Настевски